П Р О Ц Е Д У Р А

УПРАВУВАЊЕ СО ОПАСНИ МАТЕРИЈАЛИ

Доставено:

1.
2.
3.

0	сите	15.05.2005	издание за разгледување		
Измена	**Страна**	**Датум**	**Опис на измената**	**Изработил**	**Одобрил**

1. ПРЕДМЕТ

1.1 Со оваа процедура се дефинираат овластувањата, одговорностите и начинот на управување со опасни материјали со цел, исполнување на обврските дефинирани во Политиката за заштита на животната околина **ФРУКТАЛ МАК**, како и со цел на соодветно реагирање и ефикасна санација во случај на инцидент.

1.2 Оваа процедура не го дефинира постапувањето со отпадните материјали кои имаат својства на опасни материјали, а кои се дефинирани со процедурата **ФРМ-Е-446-101 :** Управување со отпад.

1.3 Целта на оваа процедура е да се обезбеди управување со опасните материјали на контролиран начин кој е во согласност со законските и други барања, како и превенција на негативните влијанија на животната средина и здравјето и безбедноста на вработените.

2. ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

2.1 Оваа процедура се применува во организационите делови на **ФРУКТАЛ МАК** кои работат со опасни материјали.

2.2 За доследна примена на оваа процедура одговорни се раководителите на организациони делови на **ФРУКТАЛ МАК** од точка 2.1 на оваа процедура.

2.3 За надзорот над примената на оваа процедура одговорен е претставникот на раководството и раководител на тимот за управување со опасни материјали.

3. НОРМАТИВНИ ДОКУМЕНТИ

3.1 ФРМ-Е-446–101 : Управување со отпадот

3.2 ФРМ-Е-423–101 : Законски и други барања

3.3 ФРМ-Q-424–101 : Контрола на записи

3.4 ФРМ-Q-447–101 : Планирање за постапување во случај на незгода и вонредна состојба

3.5 ФРМ-Е-431-101 : Идентификување и рангирање на аспекти на животна средина

3.6 ФРМ-Q-423-202 : Издавање и контрола на техничка документација

3.7 ФРМ-Q-423-204 : Дистрибуција и архивирање на техничка документација

4. ТЕРМИНИ И ДЕФИНИЦИИ

4.1 Опасни материи

Опасни материи, се материјали кои имаат една или повеќе од следните карактеристики: токсичност, реактивност, експлозивност, канцерогеност, запаливост, самозапаливост и други својства опасни по животот и здравјето на луѓето и животната средина.

4.2 Акцидент (незгода, несреќен случај, неочекувана случка)

Непланирана, потенцијално штетна или погубна ситуација или случка која резултира со повреди, со негативни влијанија на животната средина или со други губитоци.

4.3 **Вонредна состојба (вонредна ситуација)**

Непланирана ситуација или случка која бара вклучување на јавни служби, полиција, ватрогасци, медицинска помош или на власта која се бави со заштита на животната средина. Ако се однесува на заштита на животната средина, нормално вклучува актуелно или потенцијално големо загадување.

5. ПРОЦЕДУРА

5.1 Формирање на работен тим

5.1.1 За потребите на спроведување на оваа процедура во рамките на **ФРУКТАЛ МАК,** кој при вршење на својата дејност може да користи опасни материјали, Управниот одбор од членовите на Работниот тим за воведување на систем за управување со заштита на животна средина а на предлог на претставникот на раководството, формира **Работен тим за управување со опасни материјали** и именува негов раководител.

5.1.2 Работниот тим може да го сочинуваат истите лица кои учествувале во идентификувањето на аспектите на животната околина, односно раководители на организациони целини.

5.2 Идентификација на опасните материјали

5.2.1 Работниот тим ги идентификува опасните материјали кои се користат во **ФРУКТАЛ МАК** и кои вклучуваат појдовни материјали, суровини, енергенти и и готови производи.

5.2.2 Работниот тим за потребата на идентификација ги користи следните извори на податоци и информации:

- спецификациите на материјалите/ суровините
- Материал Сафетс Дата Схеет (МСДС) кој го доставува испорачателот, доколку е МСДС достапен, или Материал Сафетс Дата Схеет за сопствени производи
- стручна литература (например Хемиско технолошки прирачник - Штетни и опасни материјали)
- листа на идентификувани законски и други барања дефинирани со процедурата **ФРМ-Е-423-101:** Законски и други барања
- листа на значајни аспекти (**ФРМ-Е- 431-101-04**)
- интервјуа со вработените кои доаѓаат во контакт со опасните материи
- меѓународни договори и конвенции
- директивите на европската унија
- интернет и сл.

5.3 Документи за опасни материјали

5.3.1 Работниот тим во рамките на **ФРУКТАЛ МАК**, а врз основа на собраните податоци и информации, ги изработува следните документи:

- Листа на опасни материјали (Прилог 1)
- Картон на опасни материјали (Прилог 2)

5.3.2 Раководителот на работниот тим во **ФРУКТАЛ МАК**, за управување со опасни материјали изработените документи од точка 4.3.1 на оваа процедура, ги проверува податоците во Листа на опасни материјали и Картон на опасни материјали и ги доставува до претставникот на раководството на преиспитување и одобрување.

5.3.3 Раководителот на производство изработува **Месечен извештај на опасни материјали** (Прилог 3). На крајот од годината, врз основа на месечни извештаи на опасни материјали, раководителот на производство изработува **Годишен извештај на опасни материјали** (Прилог 4) и го доставува до претставникот на раководството.

5.4 Изработка на Листа на опасни материјали

5.4.1 Работниот тим изработува Листи на опасни материјали за сите набавени репроматеријали и за сите готови производи.

5.4.2 Листа на опасни материјали ги содржи следните податоци: реден број, назив на репроматеријалот/ готовиот производ и шифра

5.4.3 Изработените Листи на опасни материјали ги проверува и потпишува раководителот на работниот тим за управување со опасни материјалии ги доставува на претставникот на раководството на одобрување

5.4.4 Листите на опасни материјали се ажурираат по потреба - при набавка на нови репроматеријали и / или при производство на нови производи, кои спаѓаат во група на опасни материјали. Измените на листите на опасни материјали се спроведуваат во согласност со процедурата **ФРМ-Q-423-202:** Издавање и контрола на техничка документација

5.4.5 Оргиналите на Листи на опасни материјали се чуваат во одделението за обезбедување на квалитет. Копии на Листи на опасни материјали се доставуваат до раководителите на организационите делови кои работат со опасни материјали на начин пропишан со процедура **ФРМ-Q-423-204:** Дистрибуција и архивирање на техничка документација.

5.5 Изработка на Картон на опасни материјали

5.5.1 Работниот тим изработува Картони на опасни материјали за сите репроматеријали кои спаѓаат во група на опасни материјали

5.5.2 Изработените картони на опасни материјали ги проверува и потпишува раководителот на работниот тим за управување со опасни материјалии ги доставува на претставникот на раководството на одобрување.

5.5.3 Картоните на опасните материјали се изработуваат единствено за секој конкретен репроматеријал. Секоја измена во карактеристиките или квалитетот на репроматеријалот подразбира издавање на нов Картон на опасен материјал.

5.5.4 Оргиналите на картоните на опасни материјали се чуваат во одделениети за обезбедување на квалитет. Копиите на картоните на опасни материјали се доставуваат до раководителите на организациони делови кои работат со опасни материјали на начин пропишан со процедура **ФРМ-Q-423-204:** Дистрибуција и архивирање на техничка документација

5.6 Изработка на Месечни и Годишни извештаи на опасните материјали

5.6.1 Раководителот на производство е одговорен за изработка на месечните извештаи на опасни материјали за сите опасни материјали кои се користат во процесите.

5.6.2 На крајот на секоја календарска година раководителот на производство, каде се користат опасните материјали, изработува годишен извештај на опасни материјали.

5.6.3 Оргиналите на месечните и годишните извештаи се чуваат во одделението за обезбедување на квалитет, а нивните копии кај раководителот на производство.

5.6.4 Раководителот на производство е должен една копија на Годишен извештај на опасни материјали да достави до претставникот на раководството.

5.6.5 Месечните извештаи на опасни материјали се чуваат 5 (пет) години. Годишните извештаи се чуваат трајно.

6. ПРИЛОЗИ

6.1 Прилог 1: Листа на опасни материјали

6.2 Прилог 2: Картон на опасни материјали

6.3 Прилог 3: Месечен извештај на опасни материјали

6.4 Прилиг 4: Годишен извештај на опасни материјали